| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Bul. “Koco Racin” 75, Skopje<br>Republic of Macedonia<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Бул. “ Кочо Рацин“ 75 Скопје,<br>Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

# ИЗМЕНЕТА ПРОГРАМА ЗА 1-ВО, 2-РО, 3-ТО И 4-ТО КОЛО ОД ДРЖАВНА МУШИЧАРСКА ЛИГА 2022 „ЛОВ НА РИБИ ГРАБЛИВКИ СО РИБОЛОВНА ТЕХНИКА МУШИЧАРЕЊЕ“

Организатор: **Македонска Риболовна Федерација**

Домаќин: **ЗРСРК РИБАР 2011 Скопје**

Термини на одржување на лигата: **24.09.2022, 25.09.2022**

Место: **риболовен ревир река Треска (Скопска)**

Право на учество на лига натпреварите во организација на МРФ, во поединечна конкуренција, имаат сите натпреварувачи регистрирани во РЗК членки на МРФ, кои навремено го извршиле пријавувањето, имаат решение за вршење на дејност спорт од Агенција за млади и спорт, матичното РЗК да има уплатена членарина за тековната година на жиро сметка на МРФ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварот на кој ќе учествуваат.

**Рок за пријавување: 16.09.2022**

**Рок за достава на документи за спортска легитимација: 16.09.2022**

Број на натпреварувачите не е ограничен.

Сите натпреварувачи мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација пред почетокот на натпреварите за тековната година, согласно правилникот за регистрација на МРФ. Нерегистрираните членови немаат право на настап.

Лигата ќе трае вкупно 12 часа, во четири кола од по 3 часа, по 2 кола во секој натпреварувачки ден. Предвиден е улов на риба само од видот пастрмка.

**За учество во лигата ќе се плаќа котизација од 2500 денари по натпреварувач.**

Натпреварот треба да биде медиумски покриен од најмалку 1 медиум.

За фер и коректно спроведување на натпреварот Македонската риболовна федерација ќе ангажира доволен број на волонтери кои ќе им помагаат на судиите и натпреварувачите доколку имаат било каква потреба.

Судискиот колегим ќе биде дополнително одреден.

Натпреварот ке биде во еден или два сектори, со извлекување на сектор и позиции за секој натпреварувач одделно, во зависност од бројот на пријавени натпреварувачи. Патеката ја одредува натпреварувачката комисија за спин и мушичка од МРФ.

**ПРОГРАМА**

**Сабота, 24.09.2022**

**8:00 до 8:15 часот -** Пристигнување на натпреварувачите на река Треска

**8:15 до 8:45 часот -** Ждрепка за позиции за прво и второ коло и подготовка на натпреварувачите

**8:45 до 9:00 часот** – Распоредување на натпреварувачите по позициите

**9:00 часот** - Почеток на првото коло од натпреварот ................................ прв сигнал

**12:00 часот** - Крај на прво коло од натпреварот ...................................... втор сигнал

**12:15 до 12:30 часот** - Враќање на збирното место и подготовка на натпреварувачите

**12:30 до 13:00 часот** - Распоредување на натпреварувачите по позициите

**13:00 часот** - Почеток на второто коло од натпреварот ............................ трет сигнал

**16:00 часот** - Крај на второ коло ........................................................ четврти сигнал

**Недела, 25.09.2022**

**7:00 до 7:30 часот -** Пристигнување на натпреварувачите на река Треска

**7:30 до 8:00 часот -** Ждрепка за позиции за трето и четврто коло и подготовка на натпреварувачите

**8:00 до 8:15 часот** – Распоредување на натпреварувачите по позициите

**8:15 часот** - Почеток на трето коло од натпреварот .................................. прв сигнал

**11:15 часот** - Крај на трето коло од натпреварот ..................................... втор сигнал

**11:15 до 11:45 часот** - Враќање на збирното место и подготовка на натпреварувачите

**11:45 до 12:15 часот** - Пауза

**12:15 до 12:30 часот** - Распоредување на натпреварувачите по позициите

**12:30 часот** - Почеток на четврто коло од натпреварот ............................ трет сигнал

**15:30 часот** - Крај на четврто коло ...................................................... четврти сигнал

**15:30 до 17:00 часот -** Соопштување на резултатите и прогласување на најдобрите поединци

**Македонска Риболовна Федерација**
**Натпреварувачката комисија за спин и мушичка**